Бр: 03-202/4
Скопје: 18.11.2020

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 18.11.2020 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Предлог – Програмата за изменување и дополнување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година со која се предвидува зголемување на финансиските средства со воведување на нова подмерка за поддршка на занаетчиите за полесно справување со последиците на Ковид 19, и која подмерка се однесува за областа А од Програмата (Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занатчиство) насловена: **Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали во вкупен износ од 20.000.000 денари**, при што предмет на подмерката е кофинансирање на дел од трошоците на занаетчиите за купување на алати и репроматеријали преку кофинансирање до 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000 денари поединечно за секој апликант, претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11) и истата **не претставува државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Со донесеното решение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата во врска со Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година (за областа А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство) бр. 10-12 од 22.01.2020 година, вкупниот буџет за реализација за областа А изнесуваше 34.740.000 денари. После донесеното решение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, основната програма за областа А е изменета („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 153/20), при што е намален вкупниот износ на средствата од 34.740.000 денари на 22.040.000 денари, а одредени мерки од основната Програма се целосно укинати. Со сегашните предложени измени и дополнувања на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година кои се доставени од страна на Министерството за економија и се предмет на оцена од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, се воведува нова подмерка, но и се зголемува износот на финансиските средства за 20.000.000 денари поради потребата за имплементирање на предвидената подмерка.

Во основната Програма, вкупниот износ на средствата за имплементирање на областа А од оваа Програма изнесуваше 34.740.000 денари и истата со наведените измени се намали на 22.040.000 денари, за да со сегашните измени и дополнувања на Програмата се зголемува за 20.000.000 денари, при што вкупниот износ на финансиските средства за реализација на областа А од ова Програма изнесува 42.040.000 денари и претставува зголемување над 20% на буџетот на постојната шема на помош. Сепак, бидејќи новата подмерка за кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали претставува de minimis помош (затоа што секој апликант поединечно би добил до 60% од трошоците но не повеќе од 60.000 денари), Комисијата за заштита на конкуренцијата оцени дека предложената подмерка по дадениот опис ги исполнува условите предвидени во член 4 став (1) точка 4 од Законот за контрола на државната помош односно член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis), бидејќи вкупната помош за оваа намена која ќе се доделува на определено претпријатие (занаетчиите) не го надминува износот од 200.000 евра за период од три фискални години.

Во дописот пратен од страна на Министерството за економија меѓудругото е наведено дека предлогот за изменување и дополнување на Програмата се прави согласно Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за време на вонредна состојба (,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 126/20) и вкупниот износ на средствата од 20.000.000 денари е наменет за реализација на новата подмерка 3.4. Кофинансирање на трошоците за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали. Со оваа Уредба 20.000.000 денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, П1 Ковид Програма, се наменети за поддршка на занаетчиите за полесно справување со последиците од Ковид 19, а за реализација на истото е задолжено Министерството за економија.

При имплементацијата на овие мерки од областа А од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година Министерството за економија треба да води сметка истиот корисник на државна помош за иста намена/мерка да не добива државна помош од две различни извори односно освен мерките предвидени во областа А од Програмата да не користи средства и од сличните мерки од креираниот пакет на економските антикризни мерки на Владата на Република Северна Македонија за поддршка на економијата во услови на ,,Ковид-19".

Исто така, Министерството за економија треба при примената на овие мерки да постапи согласно член 7 (кумулација) и член 8 (евидентирање на помошта) од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**